**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

# АНКЕТА ЗА КРЕДИТНАТА АКТИВНОСТ ПО ГРУПИ БАНКИ

ВТОР КВАРТАЛ, 2023 ГОДИНА

јули 2023 година

# *Резиме на резултатите од Анкетата за кредитната активност по групи банки*[1;2]

## *Големи банки*

### Кредити на претпријатијата

- Кредитна политика: нето-заострување на кредитните услови, речиси идентично како и во претходната анкета.
- Кредитна побарувачка: непроменета побарувачка на корпоративните кредити, за разлика од нето-намалувањето во претходната анкета.
- Очекувања за третиот квартал од 2023 година: олеснети нето кредитни услови, при умерено нето-зголемување на побарувачката на корпоративните кредити.

### Кредити на домаќинствата

- Кредитна политика: мало нето-олеснување на условите за одобрување кредити на домаќинствата, за разлика од нето-заострувањето во претходната анкета.
- Кредитна побарувачка: нето-намалување на побарувачката на вкупните кредити на домаќинствата, поумерено во споредба со претходната анкета.
- Очекувања за третиот квартал од 2023 година: нето-заострување на кредитните услови, при многу мало нето-намалување на побарувачката на кредити од страна на домаќинствата.

## *Средни банки*

### Кредити на претпријатијата

- Кредитна политика: нето-заострување на условите за одобрување корпоративни кредити, речиси исто како во претходната анкета.
- Кредитна побарувачка: непроменета побарувачката на корпоративните кредити, исто како и во претходната анкета.
- Очекувања за третиот квартал од 2023 година: непроменетост на условите за одобрување и на побарувачката на корпоративните кредити.

---

[1] Методологијата на Анкетата за кредитната активност по групи банки е претставена во посебен прилог, којшто може да се најде на следнава врска: Методологија на анкетата за кредитната активност.

[2] Временска серија од податоците на Анкетата за кредитната активност по групи банки може да се најде на следнава врска: Временска серија по групи банки.

## Кредити на домаќинствата

- Кредитна политика: нето-олеснување на условите за одобрување кредити на домаќинствата, за разлика од непроменетоста во претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: непроменета побарувачката на кредитите на домаќинствата, за разлика од нето-зголемувањето во претходната анкета.

- Очекувања за третиот квартал од 2023 година: непроменетост на условите за одобрување кредити на домаќинствата, при нето-зголемување на побарувачката.

***Мали банки***

## Кредити на претпријатијата

- Кредитна политика: нето-заострување на условите за одобрување корпоративни кредити, поумерено во споредба со претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: поизразено нето-зголемување на побарувачката на корпоративните кредити, во споредба со претходната анкета.

- Очекувања за третиот квартал од 2023 година: умерено нето-заострување на кредитните услови, при умерено нето-зголемување на побарувачката на корпоративните кредити.

## Кредити на домаќинствата

- Кредитна политика: нето-заострување на условите за одобрување кредити на домаќинствата, поумерено во споредба со претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: поизразено нето-намалување на побарувачката на кредитите на домаќинствата, во споредба со претходната анкета.

- Очекувања за третиот квартал од 2023 година: нето-заострување на кредитните услови, при нето-зголемување на кредитната побарувачка од страна на домаќинствата.